Стрип 9 – Септември – Превозни средства

# ТЕРА
## и борците за промени

SALAR International
A part of the Swedish Association
of Local Authorities and Regions




МНОГУ СЕ РАДУВАМ ШТО УЧИЛИШНАТА ЕКСКУРЗИЈА ГОДИНАВА ЌЕ БИДЕ ПОСЕТА НА ИСТОРИСКИОТ МУЗЕЈ. ЕДВАЈ ЧЕКАМ ДА ВИДАМ СКЕЛЕТ ОД ДИНОСАУРУС!
ДААА, ЈАС САКАМ ДА ГИ ВИДАМ МУМИИТЕ!
ИМА СПЕЦИЈАЛНА ПОСТАВКА!
ТРЕБА ДА БИДЕМЕ ВО МУЗЕЈОТ ВО 10:00 ЧАСОТ.
КАКО ПЛАНИРАТЕ ДА ОДИТЕ?
МЕНЕ ЌЕ МЕ ПРЕФРЛАТ МОИТЕ РОДИТЕЛИ СО АВТОМОБИЛ. ДАЛЕКУ Е ЗА ДА ОДАМ ПЕШКИ.
НЕ ТИ ТЕКНА ДА ОДИМЕ СИТЕ СО ЕДЕН АВТОМОБИЛ?
НЕ, ПЛАНИРАМ ДА ОДАМ САМА. ЗОШТО?
ПАТУВАЊЕТО САМ ВО АВТОМОБИЛ Е НЕЕФИКАСНО И ШТЕТНО ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА.
Е ПА, ТИ КАКО ПЛАНИРАШ ДА СТИГНЕШ ДО ТАМУ?
ЌЕ ДОЈДАМ СО ВЕЛОСИПЕД.
ВСУШНОСТ, САМО ШТО МИ СТИГНА НОВИОТ ЕЛЕКТРИЧЕН ВЕЛОСИПЕД И САКАМ ДА ГО ПРОБАМ
СУПЕР ПЛАН БЛЕРИМ. ЈАС ИМАМ САМО ОБИЧЕН ВЕЛОСПИЕД, ПА ЌЕ ДОЈДАМ СО НЕГО
КАЛИНА, САКАШ ДА ОДИМЕ ЗАЕДНО?


НЕ, БЛАГОДАРАМ. ЈАС ЌЕ ОДАМ СО ВОЗ. РАБОТИ НА ЕЛЕКТРИЧЕН ПОГОН, ПА Е ПОДОБАР ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ОД АВТОМОБИЛИТЕ.
ПЛУС, ВЕЌЕ СИ КУПИВ И БИЛЕТ
ЗНАЧИ, СИТЕ ВАШИ ПРЕВОЗНИ СРЕДСТВА СЕ ПОСПОРИ ОД МОЕТО, ПА ОЧИГЛЕДНО ЌЕ МОРА ДА ВЕ ЧЕКАМ ТАМУ
ТЕРА, СИГУРНО НЕ САКАШ ДА ДОЈДЕШ СО МЕНЕ? ПАТУВАЊЕТО СО АВТОМОБИЛ Е НАВИСТИНА ШТЕТНО ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
НЕМА ШАНСИ! АВТОМОБИЛ Е НАЈДОБРА ОПЦИЈА!
НЕ САКАМ ДА СИ ГО ТРОШАМ ВРЕМЕТО СО ЈАВЕН ПРЕВОЗ
ЗОШТО ДОЦНИШ ТЕРА? ЗА МАЛКУ ЌЕ ГО ПРОПУШТЕШЕ ДЕЛОТ СО МУМИИТЕ
ЗАГЛАВИВМЕ ВО СООБРАЌАЈОТ, ПА МОРАВ ДА ДОЈДАМ ПЕШКИ
ГЛЕДАШ, ТИ РЕКОВ ДЕКА ЈАВНИОТ ПРЕВОЗ Е ПОДОБРА ОПЦИЈА
МАЛИТЕ ПРОМЕНИ МОЖЕ ДА НАПРАВАТ ГОЛЕМИ РАЗЛИКИ

# Совети за родителите

Како целото семејство да научи нешто повеќе за превозните средства преку неколку едноставни чекори?

- **Дискутирајте:** Побарајте од децата да го кажат своето мислење за различните форми на транспорт во вашето место на живеење. Прашајте ги кое им е омилено превозно средство и зошто?
- **Бидете пример:** Покажете им ги на децата различните превозни средства кои се достапни во вашиот град или општина. Објаснете им ги разликите помеѓу нив, зошто се важни за функционирањето на општеството и како им помагаат на луѓето да стигнат на работа, а децата на училиште. Прошетајте низ градот и набројте ги сите различни превозни средства што ќе ги видите.
- **Креирајте свесност:** Преку примери, објаснете им на децата кои превозни средства најмногу загадуваат и имаат најголем негативен ефект врз животната средина.
- **Создадете услови:** Прашајте ги вашите деца кои превозни средства би ги користеле за да се превезат до повеќе различни места. Охрабрете ги да возат велосипед и да пешачат наместо секогаш да ги носите со автомобил. Обидете се цел викенд вашето семејство воопшто да не го користи автомобилот.

# Забавна активност за најмладите

Обој ги со **црвено** оние превозни средства кои мислиш дека се најштетни за животната средина, а со **зелено** оние кои мислиш дека се најдобри за околината. Кога ќе завршиш, покажи им го цртежот на твоите родители.

Авион; Автомобил; Автобус; Велосипед; Воз; Трамвај; Брод



Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

The European Commission support for the production of this publication does not constitute an endorsement of the contents which reflect only of the authors, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.